

Шпаркасе Банка
# ВРАБОТУВА

# БЛАГАЈНИК – СОРАБОТНИК

**ЛОКАЦИЈА**
КОЧАНИ, Оддел мрежа на експозитури/ Сектор за население

---

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

Спроведување на сите готовински и безготовински трансакции со клиенти на благајна – физички и правни лица

Вршење на работи од доменот на менувачкото работење, водење на сметки, постапување по барања од клиентите (барање на производ /услуга, пријава/одјава на пензии, и др.)

Редовна дневна проверка на состојбата на благајната и мениции, тековно слагање на готовината и документите со фактичката состојба, изготвување прегледи на крајот од работното време

Препознавање на потребите на клиентите, воспоставување на иницијални контакти и по потреба нивно насочување кон стручните соработници за работа со население

Контакт со клиенти и давање основни информации за производите кои ги нуди Банката, како и информирање на клиенти за видовите на депозити, условите за орочување и важечките пасивни каматни стапки

---

## Кои квалификации се потребни

Минимум ССС

Работно искуство во работа со готовина, продажба и промоција на производи и услуги и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност

Активно познавање на работа со компјутер (MS Office)

Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување)

Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **24.12.2023** со назнака **„Апликација за БЛАГАЈНИК – СОРАБОТНИК “**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank